ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр. 09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален урбанистички план за Градска работна зона северно од патот Битола - Новаци, Блок 2 – Општина Битола**

Повторната Јавна Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 2, Општина Битола" ќе се одржи на ден 06.04.2017 г. (четврток) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61, Општина Битола.

Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 2, Општина Битола" се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: почетна точка на пресекот на осовини на улица „Прилепска„ и улица „Филип Втори Македонски", западна граница по осовина на улица „Прилепска", до пресек со осовина на улица „Димитар Робев", (стар назив за „Прилепска„), северна граница по осовина на улица Димитар Робев" (стар назив за улица Прилепска) до пресек со осовина на новопланирана улица „Прва„ - дел од Новачки пат според важечки ДУП, источна граница по осовина на новопланирана улица „Прва„ - дел од новачки пат според важечки ДУП до пресек со осовина на Новачки пат, јужна граница по осовина на Новачки пат до почетна точка.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 2, Општина Битола", ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.04.2017 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на планскиот опфат изнесува 4,83 ха.

**Повторната Јавна Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 2, Општина Битола", ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 06.04.2017 год. заклучно со 13.04.2017год.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-309/03
31.03.2017 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk